СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

# ПРИРАЧНИК

## за полагање на правен дел од стручниот испит

## за доктори на стоматологија

*Скопје, декември 2021 година*

*(дополнето издание)*

**С О Д Р Ж И Н А**

Вовед......3

**А.Закон за здравствено осигурување**......4

Предмет на уредување......4

ДЕЛ I

Задолжително здравствено осигурување......4

1.1. Осигурени лица......4

1.2. Право на здравствени услуги......5

1. 3. Права на парични надоместоци......7

1.4. Постапка за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување......7

1.5. Учество на осигурените лица......9

1.6. Фонд за здравствено осигурување......9

ДЕЛ II

Доброволно здравствено осигурување......10

ДЕЛ III

Надоместок на штета......10

**Б. Закон за здравствена заштита**......11

**1.ОПШТИ одредби**......11

**2. ЗАГАРАНТИРАНИ ПРАВА И УТВРДЕНИ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ НА ДРЖАВАТА ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**......14

**3. ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ**......17

3.1 Содржина на здравствената дејност

3.2 Упатства за медицина заснована на докази, протоколи за вршење на здравствената дејност во здравствените установи од организациски аспект и правилник за хоспитална култура

**4. ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ**......20

4.1 Основање на здравствени установи

4.2 Видови на здравствени установи

**5. ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИ СОРАБОТНИЦИ**......23
**5.1** Услови за вршење на здравствена дејност
-Здравствени работници и соработници на здравствена дејност

-Пробна работа на здравствените соработници

-Стручен испит за здравствените работници и соработници

**5.2** Издавање, обновување, продолжување и одземање на лиценца за работа

-Надлежност на коморите

-Стекнување лиценца

-Лиценца за работа во гранка на специјализација и супспецијализација

-Обновување на лиценцата

-Привремено продолжување на лиценцата

-Повторно стекнување со лиценца за здравствен работник на кого привремено му е одземена

-Привремено или трајно одземање на лиценцата

-Право на жалба против решение за привремено и трајно одземање на лиценцата

-Повторно стекнување со лиценца

- Акт поврзан со лиценцата

- Трошоци

**5.3** Специјализации и супспецијализации

**6. Коморско здружување**.....30

**7.Надзор**.....32

**В Закон за евиденции во областа на здравството**.....33

- Предмет на уредување
- Основни начела
- Евиденции
- Прибирање и обработка на податоци

**Г. Закон за заштита на правата на пациентите**.....36

- Предмет на уредување
- Права на пациентите
- Унапредување и заштита на правата на пациентите

**Корисни линкови**.....39

# ВОВЕД

Целта на овој Прирачник е да ги обезбеди потребните информации за полагање на правниот дел од стручниот испит за докторите по стоматологија. Прирачникот дава општи податоци за материјата која е уредена со дел од законите од областа на здравството, а кои се опфатени со прашањата за полагање на стручниот испит.

Прашањата од правниот дел од стручниот испит се изработени согласно важечките норми од областа на здравството, како и новиот *Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини*, донесен на седница на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, одржана на ден 02.05.2020 година, кој по добиената согласност од министерот за здравство е објавен во *Службен весник на Република Северна Македонија бр.148 од 04.06.2020 година.*

Во глава **А** од Прирачникот е обработен **Законот за здравствената заштита**, со кој се уредува здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување.

Глава **Б** од Прирачникот обработува мал дел од **Законот за здравственото осигурување,** кој ги уредува прашањата кои се однесуваат на системот и организацијата на здравствената заштита и вршењето на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата во обезбедувањето на здравствената заштита, здравствените установи, вработувањето, правата и должностите, одговорноста, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на здравствените работници и соработници, здравствената дејност, коморите и стручните здруженија, вршењето на здравствена дејност во вонредни услови и надзорот над вршењето на здравствената дејност.

Со **Законот за евиденции во областа на здравството**, кој е опфатен со **глава В** од овој Прирачник, се уредуваат евиденциите, збирките на податоци и регистрите од областа на здравството, начинот на прибирање, обработка, архивирање и чување на податоците, објавувањето на податоците, обезбедување на квалитетот на податоците и заштита на податоците, како и остварувањето на правата и обврските поврзани со евиденциите во областа на здравството.

Последниот дел од Прирачникот, **глава Г** е посветена на дел од одредбите на Закон за заштита на правата на пациентите, односно заштитата на правата на пациентите во користењето на здравствената заштита, и постапката за заштита на правата на пациентите, како и надзорот над спроведувањето на законот.

Во однос на прашањата од стручниот испит, дадени се четири опции за одговор, а кандидатот за полагање треба да го одбере точниот одговор.

Прирачникот има за цел да им помогне на докторите по стоматологијада се запознаат со основните поими кои ќе ги користат во секојдневната работа, а се регулирани со законите од областа на здравството, како и да ги насочи која материја со кој закон е регулирана и ќе им биде од корист во секојдневната работа со пациенти.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ПРАВЕН СЕКТОР
м-р Ана Ангелеска

## А. ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ[i]

**Предмет на уредување**

Со Законот за здравственото осигурување се уредува здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување.

Здравственото осигурување се установува како **задолжително и доброволно**.[1]

**ДЕЛ I**

### 1. Задолжително здравственото осигурување

Задолжително здравствено осигурување се установува за сите граѓани на Република Северна Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со овој закон.

#### 1.1. Осигурени лица

Осигурени лица се осигурениците и членовите на нивното семејство.[2]

- **Осигуреници**

Со овој закон задолжително се осигуруваат:

- работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје;
- државјанин на Република Северна Македонија кој на територијата на Република Северна Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, доколку со меѓународен договор поинаку не е определено;
- самовработено лице;
- носител на семејно земјоделско стопанство од втора и трета категорија;
- верско службено лице;
- привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност;
- државјанин на Република Северна Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигуран кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на Република Северна Македонија непосредно пред засновањето на работниот однос во странство – за членовите на семејството кои живеат во Република Северна Македонија;
- корисник на пензија и надоместок на плата според прописите на пензиското и инвалидското осигурување;

[1] чл.2 од Законот за ЗО
[2] чл.4 од Законот за ЗО

- државјанин на Република Северна Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување од држава со која Република Северна Македонија нема склучено/превземено Договор за социјално осигурување или пак Република Северна Македонија има склучено/превземено ваков Договор, но во него не е регулирана можноста за остварување на право на здравствено осигурување, додека престојува на територијата на Републиката;
- Лице корисник на постојана парична помош; лице со статус на признаен бегалец; лице сместено во згрижувачко семејство; лице сместено во установа за социјална заштита; корисник на паричен надоместок за помош и нега од друго лице; лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користи социјална парична помош; лице-жртва на семејно насилство , ако не може да се осигураат по друга основа;
- странец кој на територијата на Република Северна Македонија е во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва ако со меѓународен договор поинаку не е определено;
- странец кој се наоѓа на школување или стручно усовршување во Републиката ако со меѓународен договор поинаку не е определено;
- лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор (ако не е осигурено по друга основа) и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом, односно установа;
- учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ и
- државјанин на Република Северна Македонија кој не е задолжително осигуран по една од точките на овој член.

- **<u>Членовите на семејство</u>**

Како членови на семејство на осигуреникот, во смисла на овој закон, се сметаат: брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување.

Задолжителното здравствено осигурување го спроведува Фондот за здравствено осигурување на Македонија.[3]

### 1.2. Право на здравствени услуги[4]

Со задолжително здравствено осигурување на осигурените лица им се обезбедува право на основни здравствени услуги под услови утврдени со овој закон, во случај на:

1) болест и повреда надвор од работа и

2) повреда на работа и професионално заболување.

[3]чл.6 од Законот за ЗО
[4]чл.8 од Законот за ЗО

- **Основните здравствени услуги се**[5]**:**

**а) во примарната здравствена заштита:**

1) здравствени услуги заради утврдување, следење и проверување на здравствената состојба;

2) преземање на стручно медицински мерки и постапки за унапредување на здравствената состојба, спречување, сузбивање и рано откривање на болестите и други нарушувања на здравјето;

3) укажување на итна медицинска помош, вклучувајќи и превоз со санитетско возило кога е тоа неопходно;

4) лекување во ординација, односно во домот на корисникот;

5) здравствена заштита во врска со бременост и породување;

6) спроведување на превентивни, терапевтски и рехабилитациони мерки;

7) превенција, лекување и санирање на болестите на устата и забите и

8) лекови според листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот на кој министерот за здравство дава согласност;

**б) во специјалистичко-консултативната здравствена заштита:**

1) испитување и утврдување на заболувањата, повредите и здравствената состојба;

2) спроведување на специјализирани дијагностички, терапевтски и рехабилитациони постапки и

3) протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи и материјали и забнотехнички средства според индикации утврдени со општ акт на Фондот на кој министерот за здравство дава согласност;

**в) во болничката (краткотрајна и долготрајна) здравствена заштита:**

1) испитување и утврдување на здравствената состојба, лекување, рехабилитација, нега, сместување и исхрана во болнички услови;

2) лекови според листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот на кој министерот за здравство дава согласност, како и помошни материјали кои служат за примена на лековите и санитетските и друг материјал потребен за лекување и

3) сместување и исхрана на придружник при неопходно придружување на дете до тригодишна возраст, додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена и

4) ласерска корекција на диоптер според услови и критериуми утврдени со општ акт на Фондот, на кој министерот за здравство дава согласност, и

---

[5] чл.9 од Законот за ЗО

**г) обдукција на умрени по барање на здравствени установи.**

Основните здравствени услуги Фондот ги обезбедува на осигурените лица во здравствените установи утврдени со мрежата на здравствени установи, во која се врши здравствената дејност, согласно со прописите од областа на здравствената заштита, во висина на утврдени цени со општ акт на Фондот, на кој министерот за здравство дава согласност.

Во основните здравствени услуги кои им се обезбедуваат на осигурените лица со задолжителното здравствено осигурување спаѓаат и забнотехнички средства според индикации утврдени со општ акт на Фондот за здравствено осигурување.

Фондот со општ акт поблиску ги определува начинот на остварувањето на правата на здравствени услуги, како и спроведување на здравствената заштита, на кој министерот за здравство дава согласност.

- **<u>Здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување</u>**[6]

Со задолжителното здравствено осигурување не се опфатени здравствените услуги извршени во здравствени установи кои се надвор од мрежата на здравствени установи, меѓу кои и забнотехнички средства кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување или се изработени од натстандарден материјал во делот на разликата на утврдената референтна цена од страна на Фондот за здравствено осигурување и набавната цена.

## 1.3. ПРАВА НА ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ

Во рамките на задолжителното здравствено осигурување се обезбедува право на парични надоместоци и тоа:

a) право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и
b) право на надоместок на патни трошоци.

## 1.4. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

- **Пријава – одјава за задолжителното здравствено осигурување**[7]

Права од задолжителното здравствено осигурување може да оствари само лице на кое му е утврдено својство на осигуреник, односно осигурено лице согласно овој закон. Својство на осигуреник и осигурено лице се утврдува врз основа на пријава за здравствено осигурување што ја поднесува обврзникот за пресметка и уплата на

[6] чл.10 од Законот за ЗО
[7] чл.25 од Законот за ЗО

придонесот, односно лицето кое бара утврдување на својство на осигуреник, односно осигурено лице.

Задолжителното здравствено осигурување во Република Северна Македонија го спроведува Фондот за здравствено осигурување.

Пријавата за здравствено осигурување се поднесува до Фондот во рок од осум дена од денот на засновањето на работниот однос, односно од денот на стекнувањето на својството врз основа на кое е должен да поднесе пријава за задолжително здравствено осигурување.

Начинот на стекнување на својство на осигуреник и осигурено лице, како и начинот на нивното пријавување и одјавување го утврдува Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.

- **Докажување на својството на осигуреник**[8]

Правата од задолжителното здравствено осигурување во рамките на обемот на правата утврдени со закон, осигурените лица ги остваруваат врз основа на електронски запис во базата на податоци на Фондот за здравствено осигурување дека придонесот за задолжителното здравствено осигурување е платен.

- **Избор на лекар**[9]

Здравствените услуги во примарната здравствена заштита на осигурените лица им се обезбедуваат кај избраниот лекар. Осигуреното лице има право и должност да избере лекар во примарната здравствена заштита. Избраниот лекар е должен на осигуреното лице да му укажува здравствени услуги од примарната здравствена зашита и да го следи неговото здравје. Секој избран лекар **е должен**, во случај на негово отсуство или привремена спреченост за работа, на своите пациенти да им обезбеди **замена со соодветен лекар** од примарната здравствена заштита.

Здравствените услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита на осигурените лица ги обезбедува избраниот лекар - доктор на стоматологија од примарната стоматолошка здравствена заштита. Избраниот лекар е должен на осигуреното лице да му укажува здравствени услуги од примарната стоматолошка здравствена заштита и да го следи неговото здравје, а во случај на негово отсуство или привремена спреченост за работа, на своите пациенти должен е да им обезбеди замена со соодветен лекар од примарната стоматолошка здравствена заштита.

**Лекување во странство**[10]

Осигуреното лице може да користи болничко лекување во странство со одобрение на Фондот, ако е во прашање заболување кое не може да се лекува во Републиката, а во земјата во која осигуреникот се упатува постои можност за успешно лекување на тоа заболување.

[8]чл.27 од Законот за ЗО
[9]чл.28 од Законот за ЗО
[10]чл.30 од Законот за ЗО

Осигуреникот кој е упатен на привремена работа во странство во земјите со кои Република Северна Македонија има склучено или преземено Договор за социјално осигурување, здравствени услуги во странство може да користи во обем и на начин утврдени со Договорот за социјално осигурување.

Начинот на користење на здравствени услуги и најповолните цени на здравствените услуги во странство ги утврдува Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност. За упатување на осигуреникот на лекување во странство одлучува посебна комисија во Фондот за здравствено осигурување.

- **Постапка за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување[11]**

Правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен се остваруваат во Фондот, врз основа на уредно поднесено барање во пишана или електронска форма.

Решение во прв степен за правата од задолжителното здравствено осигурување донесува Фондот во рок од 30 дена од денот на предавањето на уредно и комлетирано барање.

## 1.5 УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

- **Плаќање на учество[12]**

Осигурените лица учествуваат со лични средства при користењето на здравствени услуги и лекови, но најмногу до 20% од просечниот износ на вкупните трошоци на здравствената услуга, односно лековите.

За здравствените услуги за одобрено лекување во странство, осигуреното лице учествува со 20% од вкупните трошоци, но не повеќе од 200 евра во денарска противвредност.

Фондот за здравствено осигурување е овластен да ја утврдува висината на учеството со лични средства при користењето на здравствени услуги и лекови (партиципација), како и за ослободувањето од партиципација.

## 1.6 ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

- **Статус на фондот[13]**

За спроведување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување се основа Фонд за здравствено осигурување на Македонија.

Фондот е јавна служба и врши дејност од јавен интерес и врши јавни овластувања утврдени со овој закон. Фондот има својство на правно лице, самостен е во својата работа, има статут и единствена трансакциска сметка.

[11] чл.31 од Законот за ЗО
[12] чл.32 и 33 од Законот за ЗО
[13] чл.53 од Законот за ЗО

## ДЕЛ II

## ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ[14]

Доброволно здравствено осигурување се установува за обезбедување на здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување. Доброволно здравствено осигурување можат да спроведуваат друштва за осигурување основани според прописите за осигурување.[15]

## ДЕЛ III

## НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА[16]

Осигуреното лице на кое му е извршена исплата од средствата на Фондот е должно да го врати примениот износ и да ја надомести штетата, ако:

- врз основа на невистинити податоци за кои знаел или бил должен да знае дека се невистинити, или на друг противправен начин остварил примања на кои немал право или ги остварил во поголем износ отколку што му припаѓаат;

- остварил примања поради тоа што не пријавил промени кои влијаат врз губењето или обемот на правото, а знаел или бил должен да знае за тие промени и

- остварил парични примања поголеми од износот што му бил утврден со решение на Фондот.

[14] Членовите 73,74 и 75 престанале да важат, види Закон за доброволно здравствено осигурување
[15] Чл.3, ст.2 од ЗЗО
[16] Чл.76 од ЗЗО

## Б. ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА[ii]

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

- **Предмет на уредување**[17]

Поимот за здравствена заштита е дефиниран во Законот за здравствената заштита.

Со овој закон се уредуваат прашањата кои се однесуваат на системот и организацијата на здравствената заштита и вршењето на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата во обезбедувањето на здравствената заштита, здравствените установи, вработувањето, правата и должностите, одговорноста, евалуацијата, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на здравствените работници и здравствените соработници, квалитетот и сигурноста во здравствената дејност, коморите и стручните здруженија, рекламирањето и огласувањето на здравствената дејност, вршењето на здравствена дејност во вонредни услови и надзорот над вршењето на здравствената дејност.

- **Дефиниција на здравствената заштита**[18]

Здравствената заштита опфаќа систем на општествени и индивидуални мерки, активности и постапки за:

- зачувување и унапредување на здравјето,

- спречување, рано откривање и сузбивање на болести, повреди и други нарушувања на здравјето предизвикани од влијанието на работната и животната средина,

- навремено и ефикасно лекување и

- здравствена нега и рехабилитација.

- **Здравствена дејност**[19]

Здравствената дејност е дејност од јавен интерес.

Здравствена дејност е дејност што се врши како јавна служба со која се обезбедува здравствена заштита, а која ги опфаќа мерките, активностите и постапките, кои во согласност со медицината заснована на докази и со користењето здравствена технологија, користат за зачувување и унапредување на здравјето, за спречување, рано откривање и сузбивање на болести, повреди и други нарушувања на здравјето предизвикани од влијанието на работната и животната средина, за навремено и ефикасно лекување, како и за здравствена нега и рехабилитација.

[17] Чл.1 од ЗЗЗ
[18] Чл.2 од ЗЗЗ
[19] Чл.12 од ЗЗЗ

Здравствената дејност се врши на примарно, секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита. Здравствени услуги вршат здравствени работници, а определени работи во здравствената дејност можат да вршат и здравствени соработници, кои ги исполнуваат условите од овој и друг закон.

Здравствената дејност се врши во здравствени установи.

- **Вршење на здравствената дејност**[20]

Здравствената дејност се врши во мрежа на здравствени установи и надвор од мрежата на здравствени установи.

Здравствената дејност во мрежата ја вршат јавни и приватни здравствени установи, кои вршат дејност врз основа на **лиценца**.

Здравствената дејност надвор од мрежата ја вршат приватни здравствени установи под услови утврдени со овој закон и се финансира од здравствените услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства.

Стоматолошката дејност, како дел од здравствената дејност, опфаќа превентивна, куративна и протетичка дејност.

- <u>**Дефиниции**[21] **на одделни поими употребени Законот за здравствената заштита:**</u>

1) „**Јавно здравје**" е систем од знаења и вештини за спречување на болести, продолжување на животот и унапредување на здравјето преку организирани напори на општеството;
2) „**Акутен третман**" е здравствен третман на ненадејна болест, повреда или ненадејно влошување на хронична болест;
3) „**Акушерска нега**" е третман на жените во текот на бременоста, породувањето и периодот по породувањето, како и на новороденчето и доенчето од страна на акушерки со цел за зачувување или постигнување нивно најдобро здравје, како и работа во определени области на гинекологијата и планирањето на семејството;
4) „**Вид на здравствена дејност, односно специјалност**" е потесна област на здравствената дејност, односно специјалност на определено ниво на здравствената заштита;
5) „**Дневна болница**" е начин на третман на пациентот, според кој за здравствените услуги за дијагностика, терапија, нега и рехабилитација кои се вршат на секундарно ниво не е потребен престој во болница не подолг од 8 часа дневно;
6) „**Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија**" е договор меѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и здравствената

[20] Чл.13 од ЗЗЗ
[21] Чл.15 од ЗЗЗ

установа во мрежата, со кој тие се договараат за обемот и видот на здравствените услуги кои здравствената установа во мрежата ќе ги изврши во определен период, согласно со прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување;

7) **„Здравствен работник"** е лице кое врши здравствени услуги во спроведувањето на определена здравствена дејност и е запишано во регистарот на здравствените работници (**доктор на медицина, доктор на стоматологија и фармацевт** со завршено високо образование или со завршени академски интегрирани студии со 300, односно 360 ЕКТС од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, здравствени работници со завршено вишо или високо стручно образование или со 180 ЕКТС од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата) и здравствени работници со завршено средно образование;

8) **„Здравствен соработник"** е лице со високо образование кое самостојно врши определени работи во здравствената дејност во соработка со здравствените работници;

9) **„Здравствен третман"** се здравствени услуги кои целосно покриваат одделни потреби на пациентот во областа на спречувањето, лекувањето и рехабилитацијата на болестите и повредите или зачувувањето на менталното и физичкото здравје;

10) **„Здравствена нега"** е дејност која го третира поединецот, семејството и неговото опкружување во услови на здравје и болест, со цел да се постигне што е можно повисок степен на здравје и за да им се овозможи на пациентите независност при извршувањето на основните животни функции, унапредување на нивното здравје, негување на болните и учествување во процесот на лекување, рехабилитација и палијативна нега;

11) **„Здравствена услуга"** е одделна активност или постапка во рамките на здравствениот третман на пациентите што ја вршат здравствените работници;

12) **„Здравствена установа во мрежа"** се јавни здравствени установи и приватни здравствени установи кои вршат дејност врз основа на лиценца, а кои вршат здравствена дејност во мрежата на здравствени установи;

13) **„Итна медицинска помош"** е укажување итни здравствени услуги чие неизвршување за кусо време би можело да предизвика непоправливо и тешко оштетување на здравјето на пациентот или негова смрт;

14) **„Комора"** е здружение на здравствени работници што се основа согласно со овој закон, во кое здравствените работници се здружуваат заради остварување и застапување на заеднички интереси од одделна професија;

15) **„Лабораториска дејност"** е гранка на медицината која испитува примероци на ткива, течности и други телесни материи надвор од човечкото тело заради добивање податоци за здравствената состојба, причината за болеста и текот на лекувањето и превентивата;

16) **„Лиценца за работа"** е јавна исправа која ја докажува стручната обученост на здравствениот работник за вршење на здравствени услуги;

17) **„Мрежа на здравствени установи"** е определување на потребниот број здравствени установи и видовите на здравствена дејност, односно специјалност кои се обезбедуваат во определени географски подрачја според местото на живеење на корисниците на здравствената заштита, кои треба да се обезбедат

во согласност со потребите за здравствена заштита на населението на територијата на Република Северна Македонија;

18) „**Ниво на здравствена дејност**" е организираност на здравствената дејност на примарно, секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита, зависно од нејзините задачи и сложеност;

19) „**Носители на здравствена дејност**" се доктори на медицина, доктори на стоматологија и дипломирани фармацевти со соодветна лиценца за работа;

20) „**Палијативна нега**" е активна целосна помош на пациенти со напредната неизлечива болест и помош за нивните блиски во текот на болеста и периодот кога се во жалост;

21) „**Патоанатомска дејност**" е утврдување и проучување на морфолошка и функционална промена, која во клетките, ткивата и органите ја предизвикува процесот на болеста;

22) „**Пациент**" е лице, болно или здраво, кое ќе побара или на кое му се врши одредена медицинска интервенција со цел за зачувување и унапредување на здравјето, спречување на болести и други здравствени состојби, лекување или здравствена нега и рехабилитација;

23) „**Рехабилитација**" е здравствен третман наменет за обновување или замена на физичките, психичките и социјалните капацитети на пациентот кои се вродени, односно предизвикани заради болест, односно повреда;

24) „**Стручни здруженија**" се здруженија на здравствени работници од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, кои ги застапуваат нивните стручни интереси;

25) "**Стручно упатство**" е збир на систематски развиени заклучоци за успешноста и ефикасноста на начините и постапките за третирање на определена здравствена состојба, кои се темелат врз оцената на доказите за најсоодветните начини за здравствен третман на пациентите (медицина заснована на докази);

26) „**Квалитет на здравствената заштита**" се мерки и активности со кои, во согласност со современите достигнувања на медицинската, стоматолошката и фармацевтската наука и пракса, како и знаењата и вештините на здравствените работници, се зголемуваат можностите за најповолен исход на лекување и се намалуваат ризиците од несакани последици по здравјето и здравствената состојба на поединецот и на заедницата во целина.

## 2. ЗАГАРАНТИРАНИ ПРАВА И УТВРДЕНИ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ НА ДРЖАВАТА ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

- **Обезбедување на остварувањето на загарантираните права, утврдени потреби и интереси од страна на Република Северна Македонија**

На сите граѓани на Република Северна Македонија им се обезбедува остварување на со овој закон загарантираните права, утврдени потреби и интереси, и тоа:[22]

- мерки и активности за заштита од штетното влијание врз здравјето на населението на гасови, бучава, јонизирачки и нејонизирачки зрачења, загаденоста на водата,

[22] Чл.16, ст. 1 и 2 од ЗЗЗ

земјиштето, воздухот и храната и други штетни влијанија на животната средина и работна средина,
- мерки и активности за зачувување на здравјето на населението,
- мерки и активности за откривање, спречување и сузбивање на заразни болести,
- обезбедување на хигиенско-епидемиолошки минимум на населението,
- превенција и лекување на карантински болести и наркоманија,
-мерки и активности за заштита на жените за време на бременоста, породувањето и леунството и заштита на доенчињата,
- мерки и активности за организирање и унапредување на крводарителството,
- итна медицинска помош согласно со утврдената мрежа на здравствени установи и други.

Мерките и активностите се определуваат врз основа на здравствената состојба на населението и утврдените здравствени проблеми и приоритети од јавно здравствен карактер согласно со донесените стратегии и политики во областа на здравствената заштита.

- **Мрежа на здравствени установи**[23]

Ниво на здравствена дејност е организираност на здравствената дејност, зависно од нејзините задачи и сложеност, на примарно, секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита.

Здравствената дејност се врши во мрежа на здравствени установи и надвор од мрежата на здравствени установи.

Мрежа на здравствени установи претставува определување на потребниот број здравствени установи и видовите на здравствена дејност, односно специјалност кои се обезбедуваат во определени географски подрачја според местото на живеење на корисниците на здравствената заштита, кои треба да се обезбедат во согласност со потребите на здравствена заштита на населението на територијата на Република Северна Македонија.

Здравствената дејност во мрежата на здравствени установи ја вршат јавни и приватни здравствени установи кои вршат дејност врз основа на лиценца.

Со мрежата на здравствени установи согласно со овој закон се утврдуваат:
- видовите на здравствена дејност кои се обезбедуваат во определени географски подрачја според местото на живеење на корисниците на здравствената заштита,
- кадровските, просторните и сместувачките капацитети на болниците за вршење на одделен вид здравствена дејност, односно специјалност,
- видот и бројот на технички сложена дијагностичка опрема и - просторниот распоред на вршењето на здравствената дејност, вклучувајќи определување на видот и обемот на здравствените услуги.

Мрежата се состои од мрежа на здравствени установи на:
- **примарно ниво на здравствена заштита** за вршење на дејностите од примарна здравствена заштита и фармацевтска дејност,

[23] Чл.17 од 333

- **секундарно ниво на здравствена заштита** за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена дејност и
- **терцијарно ниво на здравствена заштита** за вршење на најсложените здравствени услуги во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена дејност кои не е можно или не е добро да се вршат на пониските нивоа на здравствената дејност.

- **Мрежа на примарно ниво на здравствена заштита**[24]

Мрежата на примарно ниво на здравствена заштита е поделена на одделни географски подрачја, кои можат да опфатат една или повеќе општини.

Здравствени установи што вршат стоматолошка дејност на примарно ниво се ординации, поликлиники, заботехнички лаборатории, здравствени домови и универзитетски клинички центар согласно со карактерот на дејноста и во функција на спроведување на образовната и научноистражувачката дејност.

- **Мрежа на секундарно ниво на здравствена заштита**[25]

Мрежата на секундарно ниво на здравствена заштита е поделена на одделни географски подрачја утврдени согласно со прописите од областа на водење на статистиката и се состои од мрежа на специјалистичко- консултативна дејност и мрежа на болничка здравствена дејност.

Специјалистичко-консултативната здравствена дејност која се врши во здравствен дом од примарно ниво е дел од мрежата на секундарно ниво.

При утврдување на содржината и обемот на мрежата на болничката здравствена дејност се зема предвид дека дејноста мора да се врши 24 часа на ден, сите денови во годината и мора да биде стручно и финансиски одржлива.

- **Мрежа на терцијарно ниво на здравствена заштита**[26]

Мрежата на терцијарно ниво на здравствена заштита се определува согласно со критериумите утврдени во членот 17 став (1) од овој закон за вршење на здравствени услуги кои бараат стручен, организациски и технолошки сложен и мултидисциплинарен здравствен третман.

- **Мрежа на итна медицинска помош**[27]

Мрежата на итна медицинска помош, вклучувајќи го распоредувањето на единиците на итна медицинска помош на сите нивоа на здравствена заштита, на предлог на министерот за здравство ја утврдува Владата. Во мрежата, во зависност од потребите на населението од одредено подрачје, може да се предвидат и единици за итна стоматолошка помош. Итна стоматолошка помош опфаќа акутно третирање на стоматолошки случаи во трета смена, како и за време на празници, неработни денови и викенди.

[24] Чл.19 од 333
[25] Чл.20 од 333
[26] Чл.21 од 333
[27] Чл.22 од 333

## 3. ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ

- **Содржина на здравствената дејност**[28]

Здравствената дејност опфаќа:
- спроведување на мерки и активности за заштита, унапредување и подобрување на здравјето и за рано откривање на болести,
- рано откривање на факторите на ризик за настанување на хронични болести инивно контролирање и услуги на скрининг;
- здравствени услуги од обласна на јавното здравје,
- специфични здравствени превентивни мерки за спречување на заразни болести и нивното ширење,
- програми за заштита на сексуалното и репродуктивното здравје,
- утврдување на болести, лекување и медицинска рехабилитација напациентите,
- стоматолошка превентивна, куративна и протетичка дејност,
- дејност на лабораториска медицина,
- здравствен третман на пациенти во домот и во рамките на установите засоцијална заштита,
- здравствена нега и акушерска нега,
- итна медицинска помош,
- палијативна нега,
- преглед на умрени лица,
- патоанатомска дејност,
- судско-медицинска дејност,
- снабдување со крв и крвни компоненти,
- друга здравствена дејност која согласно со овој закон ја вршат здравствените установи.

- **Упатства за медицина заснована на докази, протоколи за вршење на здравствената дејност во здравствените установи од организациски аспект и правилник за хоспитална култура**[29]

Здравствената дејност во здравствените установи од страна на здравствените работници и здравствените соработници задолжително се врши согласно со стручни упатства за медицина заснована на докази кои согласно со современата светска медицинска практика, ги утврдува министерот за здравство.

**-Вршење на здравствена дејност во мрежата**

**Субјекти кои вршат здравствена дејност во мрежата**[30]

Здравствената дејност во мрежата, што ја обезбедува и организира Република Северна Македонија, се состои од јавни здравствени установи и приватни здравствени установи, кои вршат здравствена дејност врз основа на лиценца, во кои се врши здравствена дејност под еднакви услови и кои се вклучуваат во интегриран здравствен

---
[28] Чл.26 од 333
[29] Чл.27 од 333
[30] Чл.28 од 333

информатички систем согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството.

Здравствените установи од ставот (1) на овој член се должни да обезбедат континуирано и сеопфатно спроведување на здравствената дејност во мрежата на примарно ниво преку меѓусебно случување на договори.

Со договорите се уредуваат меѓусебните права и обврски на здравствените установи особено за обезбедување на континуирана 24-часовна здравствена заштита сите денови во годината, итната медицинска помош, како и вршење на здравствена дејност во случај на кризни и вонредни случаи и состојби.

## Здравствена дејност на примарно ниво[31]

Здравствена дејност на примарно ниво опфаќа:
1) откривање и лекување на болести и повреди, давање на здравствена и акушерска нега и спроведување на медицинска рехабилитација на пациенти, која согласно со разграничувањето на работата спаѓа во примарно ниво;
2) спроведување на посебни програми за хронични болни и стари лица;
3) здравствена дејност за областа на сексуалното и репродуктивното здравје;
4) здравствена дејност за потребите на децата и училишната младина;
5) здравствена дејност од областа на здравјето и безбедноста при работа;
6) спроведување на превентивни програми и мерки кај децата, младината, жените, вработените и старите лица и други посебно загрозени групи;
7) упатување на пациенти во здравствени установи на секундарно и терцијарно ниво и координирање на нивниот третман;
8) спречување, откривање и лекување на болести на устата и забите и спроведување на забно-протетичка рехабилитација;
9) 10) патронажна дејност;
11) имунизација;
12) здравствена нега и акушерска нега;
13) лекување и здравствен третман во домот на пациентот;
14) итна медицинска и стоматолошка помош;
15) утврдување на привременото отсуство од работа и упатување на осигурените лица за вештачење на фондовите за социјални осигурувања;
16) вршење на услуги од лабораториската медицина;
17) препишување на лекови и
18) фармацевтска дејност.

## Субјекти кои вршат здравствена дејност на примарно ниво[32]

Здравствената дејност во мрежата на примарно ниво се врши во ординации и поликлиники, заботехнички лаборатории, здравствени домови и аптеки.

[31] Чл.30 од 333
[32] Чл.31 од 333

**Избран лекар**[33]

Во мрежата на примарно ниво пациентот избира лекар.

Избран лекар е доктор на медицина, специјалист по општа медицина, специјалист по семејна медицина, специјалист по училишна медицина, специјалист по медицина на трудот кога врши работи на семеен, односно општ лекар, специјалист по педијатрија, специјалист по гинекологија и акушерство и доктор на стоматологија.

Избраниот лекар ги врши особено следниве работи:
- ги третира пациентите согласно со нивната здравствена состојба и со стручните упатства, што го обезбедува со амбулантски здравствен третман и третман во домот,
- врши превентивни услуги и спроведува мерки и активности утврдени со програми за унапредување и зачувување на здравјето на пациентите,
- пропишува лекови согласно со прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување,
- учествува во спроведување на тимски форми во дејностите од примарната здравствена заштита, во обезбедувањето итна медицинска помош и во заменувањето во случај на болест и одмори,
- лекарски прегледи, советувања и други видови на здравствени услуги со цел за утврдување, проверување и следење на здравствената состојба, што, по правило, се остварува во ординацијата на избраниот лекар, а по потреба и во домот на пациентот,
- превентивни мерки и активности со цел за унапредување на здравствената состојба, спречување, сузбивање и рано откривање на болести и други нарушувања на здравјето,
- ја утврдува оправданоста на привремена спреченост од работа заради болест, повреди, придружба или изолација и отсуството од работа заради бременост, раѓање и мајчинство (родителство),
- утврдува потреба за превоз со санитетско возило во итни случаи, организира превоз со санитетско возило (самостојно, во соработка со други лекари или со најблиската организирана служба за итна помош) и ја оценува оправданоста за придружување на пациентот,
- ги упатува пациентите во Фондот согласно со прописите од областа на задолжителното здравственото осигурување,
- ги упатува пациентите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија согласно со прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување,
- го следи спроведувањето на здравствениот третман на пациентот што го вршат специјалисти,
- ја прибира, ја води и ја чува медицинската документација на пациентот согласно со прописите од областа на евиденциите во здравството и
- извршува други задачи согласно со прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување.

Постапката за изборот и начинот на работа на избраниот лекар и на лекарот кој го заменува избраниот лекар и неговите задачи се вршат согласно со овој закон и со прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување.

Избран лекар од областа на стоматологијата е доктор на стоматологија од примарната стоматолошка здравствена заштита.

[33] Чл.32 од ЗЗЗ

### Здравствена дејност на секундарно ниво[34]

Здравствена дејност на секундарно ниво опфаќа здравствени услуги и мерки, кои заради тежината на болеста, потребата за стручна специјализирана дијагностика и третман, стручната и технолошката сложеност и мултидисциплинарниот пристап, односно потребата од болнички здравствен третман, не е можно да се вршат на примарно ниво.

Здравствената дејност на секундарно ниво опфаќа специјалистичко-консултативна и болничка здравствена дејност.

## 4. ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

### 4.1 Основање на здравствени установи[35]

-Здравствена установа може да се основа како јавна и приватна.
-Јавна здравствена установа може да основа Владата.
-Приватна здравствена установа може да основаат домашни и странски, правни и физички лица.

### 4.2 Услови за основање, почнување со работа, вршење здравствена дејност и проширување на дејноста на здравствена установа[36]

Здравствена установа може да се основа, да почне со работа, да врши здравствена дејност и да ја прошири дејноста, ако се исполнети следниве услови:
- да има во работен однос на неопределено време со полно работно време определен број здравствени работници во зависност од видот на здравствена дејност, односно специјалност,
- да има во работен однос на неопределено време со полно работно време одговорен носител на здравствената дејност за вршење на определен вид здравствени услуги во зависност од видот на здравствена дејност, односно специјалност и
- да има простор и опрема за вршење на определен вид здравствена дејност, односно специјалност.

Здравствените работници мора да поседуваат соодветна лиценца за работа, во зависност од видот на здравствената дејност, односно специјалност.

### 4.3 Видови на здравствени установи[37]

Во зависност од видот на здравствената дејност што ја вршат и видот на здравствените услуги што ги укажуваат, здравствените установи се основаат како:
- ординација,

[34] Чл.33 од 333
[35] Чл.57 од 333
[36] Чл.60 од 333
[37] Чл.68 од 333

- поликлиника,
- дијагностичка лабораторија,
- заботехничка лабораторија,
- центар,
- здравствен дом,
- болница (општа, специјализирана, клиничка),
- болница за нега,
- институт,
- универзитетска клиника,
- универзитетски институт,
- универзитетски клинички центар и
- аптека.

**-Ординација**[38]

Ординација на примарно ниво спроведува здравствена дејност ако се исполнети условите за вршење на дејноста по семејна, односно општа медицина,по училишна медицина, педијатрија, медицина на трудот, гинекологија иакушерство и општа стоматологија. Ординација на примарно ниво од областа на стоматологијата спроведува здравствена дејност ако се исполнети условите за вршење на дејноста по општа стоматологија.

Ординација на секундарно ниво спроведува специјалистичко-консултативна здравствена дејност од областа на медицината, односно стоматологијата.

**-Поликлиника**[39]

Поликлиника на примарно ниво спроведува здравствена дејност во две или повеќе ординации од примарно ниво и соодветна дијагностичко-лабораториска, односно заботехничко-лабораториска дејност, во зависност од здравствената дејност што се врши во ординациите.

Поликлиника на секундарно ниво спроведува здравствена дејност на две или повеќе ординации од специјалистичко-консултативната дејност и соодветна дијагностичко-лабораториска, односно заботехничко-лабораториска дејност и радиодијагностичка дејност, во зависност од здравствената дејност што се врши во ординациите.

Поликлиниките од ставовите (1) и (2) на овој член можат да спроведуваат здравствена дејност и ако соодветната дијагностичко-лабораториска, односно заботехничко-лабораториска дејност и радиодијагностичка дејност ја обезбедуваат во договор со друга здравствена установа.

**-Заботехничка лабораторија**[40]

Заботехничка лабораторија врши дејност на подготовка и изработка на заботехнички и забнопротетички помагала (протези, мостови, коронки и други средства).

[38] Чл.69 од 333
[39] Чл.70 од 333
[40] Чл.72 од 333

**-Здравствен дом**[41]

Здравствен дом врши здравствена дејност најмалку во следниве области:

- итна медицинска помош и домашно лекување,
- итна стоматолошка помош,
- превентивна здравствена заштита за предучилишни и училишни деца,
- поливалентна патронажа,
- стоматолошката заштита на деца до 14 годишна возраст и
- здравствена статистика.

Здравствен дом врши стоматолошка дејност во областа на итна стоматолошка помош и стоматолошка заштита на деца до 14 годишна возраст.

**-Болница**[42]

Болницата врши болничка здравствена дејност која опфаќа дијагностика, лекување, здравствена нега и акушерска нега, медицинска рехабилитација и палијативна нега, која заради здравствената состојба на пациентот или видот на интервенцијата не е можно да се врши амбулантската здравствена дејност на секундарно ниво или со третман во центарот, домот за нега, односно домот на пациентот.

Болницата може да врши и специјалистичко-консултативна здравствена дејност на секундарно ниво за оние видови здравствена дејност за кои врши болничка здравствена дејност.

Болницата може да биде општа, специјализирана и клиничка.

Дневна болница претставува начин на третман на пациентот, според кој за здравствените услуги за дијагностика, терапија, нега и рехабилитација кои се вршат на секундарно ниво не е потребен престој во болница не подолг од 8 часа дневно.

**-Институт за јавно здравје**[43]

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ги врши работите утврдени со прописите од областа на јавното здравје.

**-Универзитетска клиника**[44]

Универзитетската клиника спроведува здравствена дејност ако се исполнети условите за вршење на специјалистичко-консултативна и болничка дејност или само специјалистичко-консултативна дејност од одредена гранка на медицината, односно стоматологијата, или на одделни групи население, во која се изведува образовна дејност, се врши усовршување на здравствените работници и научноистражувачка дејност.

[41] Чл.73 од 333
[42] Чл.75 од 333
[43] Чл.84 од 333
[44] Чл.85 од 333

## 5. ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИ СОРАБОТНИЦИ

### 1. Услови за вршење на здравствена дејност[45]

**-Здравствени работници и соработници за здравствена дејност**

Здравствен работник е доктор на медицина, доктор на стоматологија и дипломиран фармацевт и лица со завршено средно, вишо или високо стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата.

Докторите на медицина, докторите на стоматологија и дипломираните фармацевти (во натамошниот текст: здравствени работници со високо образование) можат самостојно да вршат здравствени услуги со завршување на пробната работа, положување на стручниот испит и добивање лиценца за работа.

Здравствените работници со средно, вишо и високо стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата можат самостојно да вршат здравствени услуги по завршување на пробната работа и положување на стручниот испит.

**-Пробна работа на здравствените соработници[46]**

Здравствените установи можат да примаат здравствени работници, односно здравствени соработници за извршување на пробна работа и оспособување за полагање на стручниот испит. Дел од пробната работа и оспособувањето за полагање на стручниот испит преку која се стекнуваат практични знаења и вештини здравствените работници со високо образование, како и здравствените работници со средно, вишо и високо стручно образование задолжително ја стекнуваат во Медицинскиот симулациски центар преку обука на опрема која симулира патолошки состојби на човекот и овозможува проверка на стекнатите вештини преку дијагностички и терапевтски интервенции извршени на опремата, на конкретни случаи зададени по случаен избор, при што истовремено се врши и видеоснимање на целиот тек на интервенцијата.

Пробната работа на здравствените работници со високо образование од областа на медицината и стоматологијата кои завршиле петгодишни студии, односно од областа на фармацијата четиригодишни студии трае една (1) година. Пробната работа за здравствените работници со високо образование од областа на медицината кои завршиле шестгодишни студии **трае шест (6) месеци.** Пробната работа за докторите на стоматологија кои завршиле шестгодишни студии трае шест (6) месеци.

Пробната работа на здравствените работници со високо стручно образование трае десет месеци, за здравствените работници со вишо образование девет месеци, а со средно образование шест месеци.

Пробната работа на здравствените соработници со високо образование трае десет месеци.

---

[45] Чл.115 од ЗЗЗ
[46] Чл.117 од ЗЗЗ

**-Стручен испит за здравствените работници и соработници**[47]

По завршување на пробната работа, здравствените работници и здравствените соработници се должни да полагаат стручен испит **во рок од една година** од денот на завршувањето на планот и програмата за пробна работа.

Ако здравствените работници и здравствените соработници не полагаат стручен испит во рокот, повторно ја извршуваат пробната работа.

Здравствените работници со високо образование стручниот испит го полагаат пред испитни комисии формирани од Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора.

Начинот на пријавување за полагање и начинот на полагање на стручен испит на здравствените работници со високо образование, бројот на поставени прашања и практични примери, времетраењето и бројот на бодови со кој се смета дека стручниот испит е положен, поднесувањето на приговор од здравствениот работник кој не го положил стручниот испит и начинот на издавање на уверението за положен стручен испит, како и формата и содржината на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование, ја утврдува министерот за здравство по претходно мислење од Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевската комора.

## 5.2 Издавање, обновување, продолжување и одземање на лиценца за работа

### Надлежност на коморите[48]

Издавањето, обновувањето, продолжувањето и одземањето лиценца за работа на здравствените работници со високо образование (доктор на медицина, доктор на стоматологија и дипломиран фармацевт) го вршат **Лекарската, Стоматолошката и Фармацевтската комора.**

Лиценцата за работа се издава за период од **седум години**.

**Привремената лиценца за работа** се издава за периодот за кој е склучен договорот за вршење на медицинска дејност како здравствен работник во јавна здравствена установа, која престанува наредниот ден од денот кога истекува периодот за кој е склучен договорот.

### Стекнување лиценца[49]

Лиценца за работа претставува јавна исправа која ја докажува стручната обучност на здравствениот работник за вршење на здравствени услуги.

Доктор на медицина, доктор на стоматологија и дипломиран фармацевт може да се секне со лиценца за работа ако има завршено соодветно образование од областа на

---

[47] Чл.121 од 333
[48] Чл.123 од 333
[49] Чл.124 од 333

медицината, стоматологијата, односно фармацијата, извршена пробна работа и стручен испит.

- Здравствен работник со високо образование може да се стекне со лиценца за работа, ако има:

1) диплома за завршено соодветно образование од областа на медицината, стоматологијата, односно фармацијата и

2) доказ за извршена пробна работа и доказ за положен стручен испит.

- Здравствен работник со завршено високо образование, извршена пробна работа и положен стручен испит во странство може да се стекне со лиценца за работа, ако има:

1) нострифицирана диплома за завршено соодветно образование и

2) доказ за призната пробна работа и положен стручен испит.

- Здравствен работник со високо образование кој се стекнал со лиценца за работа во странство може да се стекне со лиценца за работа, ако покрај условите на овој член има и:

1) препорака од комората во која членувал и

2) доказ за претходно работно искуство во дејноста во која бара лиценца за работа.

### Лиценца за работа во гранка на специјализација и супспецијализација[50]

Здравствениот работник со високо образование, по завршување на соодветна специјализација, односно супспецијализација, може да се стекне со лиценца за работа во соодветната гранка на специјализацијата, односно супспецијализацијата.

Докторите на стоматологија може да специјализираат ако имаат завршена пробна работа, положен стручен испит и лиценца за работа.

### Обновување на лиценцата[51]

На здравствен работник со високо образование, може да му се обнови лиценцата за работа ако во периодот на важноста на лиценцата со континуирано стручно усовршување, преку следење на новините во медицината, стоматологијата, односно фармацијата и унапредување на сопственото знаење, **се стекнал со соодветен број бодови** и **најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа работел во дејноста за која стекнал лиценца** за работа.

На доктор на стоматологија може да му се обнови лиценцата за работа ако во периодот на важноста на лиценцата со континуирано стручно усовршување, преку

[50] Чл.125 од 333
[51] Чл.129 од 333

следење на новините во стоматологијата и унапредување на сопственото знаење, се стекнал со соодветен број бодови и најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа работел во дејноста за која стекнал лиценца за работа, при што, на негово барање, во најмалку 60% од времето на важноста на лиценцата за работа може да се смета времето на работа во стоматолошка здравствена заштита.

Облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите ги утврдува Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора со општ акт на кој согласност дава министерот за здравство.

**Привремено продолжување на лиценцата**[52]

На здравствен работник со високо образование кој не ги исполнува условите од овој закон може привремено да му се продолжи лиценцата за работа за наредните шест месеци, под услов во овој период успешно да заврши дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности согласно со програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности.

На доктор на стоматологија или специјалист од областа на стоматологијата кој не ги исполнува законските услови за обновување на лиценцата за работа може привремено да му се продолжи лиценцата за работа за наредните шест месеци и повторно да се стекне со лиценца за работа, под услов во овој период од шест месеци успешно да заврши дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности согласно со програма за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности што ја донесува Стоматолошката комора.

На здравствен работник со високо образование кој не ги исполнува законските услови привремено му се одзема лиценцата за работа.

**Повторно стекнување со лиценца за здравствен работник на кого привремено му е одземена**[53]

Здравствен работник со високо образование на кој му е привремено одземена лиценцата за работа може повторно да се стекне со лиценца ако во текот на годината што следи по истекот на роковите на важност утврдени со овој закон помине дополнителна обука согласно со програмата од членот 127 од овој закон и успешно ја заврши дополнителната проверка на стручните знаења и способности пред испитна комисија на соодветната комора.

---

[52] Чл.130 од ЗЗЗ
[53] Чл.131 од ЗЗЗ

**Привремено или трајно одземање на лиценцата**[54]

Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора може привремено или трајно да ја одземе лиценцата за работа на здравствен работник со високо образование.

- Привремено одземање на лиценцата за работа на здравствен работник со високо образование може да се изврши најмногу за период од седум години, ако здравствениот работник:

1) не ја продолжи лиценцата за работа во роковите утврдени со Законот за здравствената заштита;

2) не ја заврши дополнителната обука во утврдениот рок;

3) не ја заврши со успех дополнителната проверка на стручните знаења и способности;

4) има судско правосилно решение со кое привремено му е забрането вршење на дејност или професија;

5) ги прибавил доказите за исполнување на условите пропишани со овој закон спротивно на законот и тоа се утврди по доделувањето на лиценцата за работа;

6) врши дополнителна дејност спротивно на членовите 222 и 223 од овој закон;

7) работи надвор од лиценцата за работа или работи во услови за кои нема дозвола за работа издадена согласно со овој закон и

8) сторил повреда на Кодексот на медицинската етика и деонтологија и тоа е утврдено од Судот на честа при соодветната комора.

9) врши здравствени или консултантски услуги и/или склучува договор за вршење на здравствени или консултантски услуги со приватни здравствени установи спротивно на членот 167-а од овој закон.

Привремено одземање на лиценцата за работа на здравствен работник со високо образование за период кој ќе го утврди Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора се врши и во случај ако со правосилна судска одлука се утврди дека здравствениот работник со високо образование сторил кривично дело поврзано со вршењето на здравствената дејност.

Во решението за привремено одземање на лиценцата за работа се определува дополнителната обука која здравствениот работник со високо образование треба да ја изврши согласно со програмата од чл.127 од овој закон и успешно да ја заврши дополнителната проверка на стручните знаења и способности пред испитна комисија на соодветната комора за да може повторно да му се издаде лиценца за работа.

- Трајно одземање на лиценцата за работа се врши ако со правосилна судска одлука се утврди дека докторот сторил стручен пропуст или грешка при

[54] Чл.132 од 333

работата со што предизвикал трајно нарушување на здравјето или смрт на болниот.

**Право на жалба против решение за привремено и трајно одземање на лиценцата**[55]

Против решението за привремено и трајно одземање на лиценцата за работа, здравствениот работник со високо образование има право на жалба до министерот за здравство во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Повторно стекнување со лиценца**[56]

Здравствен работник со високо образование може повторно да се стекне со лиценца за работа ако во текот на две години по истекот на роковите на важност утврдени со овој закон помине дополнителна обука и успешно ја заврши дополнителната проверка на стручните знаења и способности пред испитна комисија на соодветната комора.

Ако здравствен работник со високо образование не се стекне со лиценца за работа во рокот, може повторно да се стекне со лиценца за работа ако помине дополнителна обука и успешно ја заврши дополнителната посебна проверка на стручните знаења и способности согласно со програмата, пред испитна комисија на соодветната комора.

**Акт поврзан со лиценцата**[57]

Начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа на здравствените работници поблиску ги утврдува Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора со општ акт на кој согласност дава министерот за здравство.

**Трошоци**[58]

Трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа паѓаат на товар на подносителот на барањето.

Основни критериуми за утврдување на трошоците се реалнитеадминистративни и материјални трошоци за спроведување на постапката заиздавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа.

Висината на трошоците од ставот (2) на овој член ја утврдува Лекарската,Стоматолошката, односно Фармацевтската комора со општ акт на кој согласностдава министерот за здравство.

[55] Чл.133 од 333
[56] Чл.134 од 333
[57] Чл.135 од 333
[58] Чл.136 од 333

## 5.3 Специјализации и суспецијализации

### Право на специјализација и супспецијализација[59]

Здравствените работници и здравствените соработници со високо образование можат да специјализираат и да супспецијализираат од определени гранки на медицината, стоматологијата, односно фармацијата.

Специјализациите и супспецијализациите од областа на стоматологијата се спроведуваат во високообразовните установи и здравствените установи, акредитирани од министерот за здравство, со полно работно време.

Гранките на специјализациите и супспецијализациите од областа на стоматологијата и фармацијата, како и гранките на специјализациите и супспецијализациите на здравствените соработници, времето на нивното траење, деловите на стажот на специјализациите (турнуси), плановите и програмите, како и начинот на спроведувањето на стажот, начинот на полагање на испитот и образецот на специјализантската книшка и на книгата за евиденција за спроведените постапки и интервенции во текот на стажот на специјализации ги пропишува министерот за здравство по претходно мислење на соодветната високообразовна установа.

### Начин на спроведување[60]

Специјализацијата и супспецијализацијата се спроведува преку теоретска настава и практична обука која се спроведува во одредено траење во соодветните високообразовни и здравствени установи, акредитирани од министерот за здравство, со полно работно време.

### Претходен услов[61]

Здравствените работници со високо образование можат да специјализираат ако имаат завршена пробна работа, положен стручен испит и лиценца за работа.

Здравствените соработници со високо образование можат да специјализираат ако имаат завршена пробна работа, положен стручен испит и една година работно искуство во струката по положување на стручниот испит.

Здравствените работници со високо образование кои имаат лиценца за работа како специјалисти од интернистичките и хируршките гранки на специјализација можат да се запишат на супспецијализација ако по положувањето на специјалистичкиот испит имаат една година работно искуство како специјалисти.

[59] Чл.138 од ЗЗЗ
[60] Чл.140 од ЗЗЗ
[61] Чл.141 од ЗЗЗ

## 6. КОМОРСКО ЗДРУЖУВАЊЕ

- **Комори**[62]

Заради заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, заштитата на интересите на својата професија, следење на односот на здравствените работници кон општеството и граѓаните, докторите на медицина, докторите на стоматологија и дипломираните фармацевти се здружуваат во Лекарска, Стоматолошка, односно Фармацевтска комора на Македонија.

Во комора се здружуваат и здравствените работници со средно, више и високо стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата.

Коморите донесуваат статут, кодекс на професионалните етички должности и права, формираат суд на честа и други помошни тела.

- **Коморите како правно лице**[63]

Коморите имаат својство на правно лице и се запишуваат во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

- **Основачко собрание**[64]

На основачкото собрание на комората се донесува статут на комората и се избираат нејзините органи. Основачкото собрание на комората го свикуваат здравствени работници кои сакаат да основаат комора.

Статут на комората донесува Собранието на комората.

- **Статутот на комората**[65] содржи одредби кои се однесуваат на:

- името и седиштето на комората,

- целите и задачите на комората,

- органите на комората, постапката за нивен избор, односно именување и причините и начинот на нивното отповикување, нивниот состав, надлежностите и начинот на одлучување,

- лицата кои ја застапуваат комората во правниот промет,

- правата, обврските и одговорностите на членовите на комората и нивите претставници во органите на комората,

- начинот на обезбедување на финансиски средства потребни за извршување на задачите на комората,

---

[62]Чл.250 од 333
[63]Чл.251 од 333
[6464]Чл.252 од 333
[65]Чл.253 од 333

- начинот и постапката на определување на членарината и мерилата за нејзино определување,

- задачите на комората кои се финансираат од членарината,

- постапката за измена на статутот на комората, - другите општи акти и постапката за нивното донесување,

- начинот и обврските на членот при пристапувањето и истапувањето од комората и

- други работи утврдени со овој закон и со статутот.

- **Органи**[66]

**Органи на комората** се:

-**Собрание**, кој е и највисок орган на комората,

- **Извршен одбор**,

- **Надзорен одбор** и

- **Претседател на комора**.

Комората може да има и други органи, ако тоа е определено со статутот.

- **Јавни овластувања и должности на Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора**[67]

Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора издаваат, обновуваат, продолжуваат и одземаат лиценца за работа, водат регистар на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци и вршат стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници.

Стручниот надзор над работата на здравствените работници коморите го вршат врз основа на годишен план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници, на кој согласност дава министерот за здравство. Коморите утврдуваат кодекс на професионалните етички должности и права, формираат суд на честа и други помошни тела и донесуваат други акти за начинот на работењето на нивните органи и други акти за кои се овластени со закон.

- **Надзор**[68]

Надзор над законитоста на работата на коморите во вршењето на јавното овластување врши Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен

[66]Чл.254 од 333
[67]Чл.261 од 333
[68]Чл.265 од 333

инспекторат. По вршењето на надзорот, Министерството за здравство, односно Државниот санитарен и здравствен инспекторат ја известува комората во која е извршен надзорот за констатираните недостатоци и неправилности и определува рок за нивно отстранување и доколку истите не бидат отстранети министерот за здравство ќе го одземе јавното овластување.

- **Стручни здруженија**[69]

Здравствените работници од одделни специјалности можат да се здружуваат во стручни здруженија во составот на Македонското лекарско друштво, Македонско стоматолошко друштво и Македонско фармацевтско друштво и во други лекарски, стоматолошки и фармацевтски друштва, особено заради следење на достигнувањата и унапредувањата во одделни гранки на медицината, стоматологијата, односно фармацијата.

Македонското лекарско друштво, Македонско стоматолошко друштво, Македонско фармацевтско друштво и други лекарски, стоматолошки и фармацевтски друштва, преку стручните здруженија и преку други стручни здруженија организираат различни форми на стручно усовршување на здравствените работници, учествуваат во изработувањето стручни упатства за работа по одделни специјалности и предлагаат мерки за унапредување на стручната работа на здравствените работници.

## 7. НАДЗОР

- **Определување на надзорот**[70]

За обезбедување на примена на Законот за здравствена заштита и прописите донесени врз основа на него, како и за обезбедување на квалитетот и безбедноста при укажувањето на здравствената заштита во вршењето на здравствената дејност, се врши:

1) надзор над законитоста на работата;

2) надзор над стручната работа;

3) внатрешен надзор над стручната работа и

4) инспекциски надзор.

Надзор над законитоста на работата на здравствените организации и над стручната работа на здравствените работници и здравствените соработници врши Министерството за здравство.

Министерството за здравство го врши надзорот над законитоста на работата на здравствените установи како редовен надзор во согласност со годишната програма и по потреба или на предлог на Фондот, соодветната комора, државен орган, здружение и граѓанин.

[69] Чл.266 од 333
[70] Чл.294 од 333

**Надзор над стручната работа на здравствените установи** и другите установи кои вршат здравствена дејност и на здравствените работници и соработници го вршат Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора.

**Инспекциски надзор** над примената на овој закон врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат, согласно со овој и друг закон.

## В. ЗАКОН ЗА ЕВИДЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО[iii]

- **ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ**[71]

Со овој закон се уредуваат евиденциите, збирките на податоци и регистрите од областа на здравството, начинот на прибирање, обработка, архивирање и чување на податоците, објавувањето на податоците, обезбедување на квалитетот на податоците и заштита на податоците, како и остварувањето на правата и обврските поврзани со евиденциите во областа на здравството.

Овој закон се применува на:

- електронските евиденции и обработка на здравствените и медицинските податоци и

- евиденциите во хартиена форма и рачна обработка на здравствените и медицинските податоци.[72]

- **ОСНОВНИ НАЧЕЛА**[73]

Евиденциите во областа на здравството се водат врз основа на начелата на квалитет, ефикасност, ефективност и економичност, при што евиденциите се соодветни, релевантни и во обем којшто одговара на целите што се утврдени со овој закон.

Медицинските податоци се обработуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Здравствените и медицинските податоци се собираат за конкретни и јасни цели утврдени со овој закон и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели.

Личните податоци, прибрани за целите на евиденциите во областа на здравството, се користат исклучиво со намена за прибирање, обработка и анализа на здравствените и медицинските податоци, во согласност со прописите за заштита на личните податоци и овој закон.

---

[71] Чл.1 од ЗЗЕОЗ
[72] Чл.3 од ЗЗЕОЗ
[73] Чл.4 од ЗЗЕОЗ

- **ЕВИДЕНЦИИ**

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија (за територијата на Република Северна Македонија) и центрите за јавно здравје за подрачјата за кои се основани се овластени носители на здравствената статистика за евиденциите што се водат во здравствените установи.[74]

Секоја здравствена установа за дејноста што ја врши, е должна да доставува збирни и индивидуални евиденции - статистички извештаи, преку регионалниот центар за јавно здравје до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

Здравствените установи се должни да водат евиденција во основна медицинска документација.[75]

Евиденција се води со внесување на податоци во основната медицинска документација (индивидуално медицинско досие, картон, регистар, медицински дневник, историја на болеста и друго), по различни нивоа на здравствена заштита.

Внесувањето на податоци се врши врз основа на резултатите од прегледот и документацијата на здравствената установа, односно на јавни и други исправи.

Здравствениот работник при вршење на здравствените прегледи, односно другите услуги што ги извршил, е должен да ги внесе наодот и резултатите од прегледот, односно другите услуги што ги извршил, во основната медицинска документација.

Здравствениот работник е должен да внесува податоци во индивидуалните или збирните евиденции.[76]

Здравствениот работник е должен да ги потврди наодот и резултатите од прегледот, односно другите услуги што ги дал, со својот потпис и печат или со својот електронски потпис.

За целосноста и точноста на податоците внесени во евиденциите е одговорен здравствениот работник кој врши запишување на податоците во средствата за евиденција.[77]

- **ПРИБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ**

Здравствените установи по правило медицинските податоци ги добиваат непосредно од поединецот на кој се однесуваат, а посредно од медицинските податоци од веќе постоечката збирка на податоци, ако поединецот претходно бил запознаен и не се спротивставил на тоа.

[74] Чл.5 од ЗЗЕОЗ
[75] Чл.6 од ЗЗЕОЗ
[76] Чл.12 од ЗЗЕОЗ
[77] Чл.13 од ЗЗЕОЗ

Здравствената установа медицинските податоци може да ги обезбеди и од лекарот, кога тоа е потребно за да се заштити животот и здравјето на поединецот ако се тие непосредно загрозени.[78]

Медицинските податоци можат да се користат за следниве цели:

- чување и унапредување на здравјето и здравствената заштита на поединецот,

- заштита на здравјето на населението,

- статистички и истражувачки цели и

- други цели пропишани со овој закон.[79]

- Во здравствените установи основната медицинска документација се чува 15 години од последниот внес на податоци.
- Здравствениот картон и историјата на болеста се чува 15 години по смртта на болниот.
- Стоматолошкиот картон се чува трајно.
- Здравствените установи се должни да ја водат и чуваат основната медицинска документација во електронска форма согласно со овој закон.[80]

- Здравствените установи се должни да обезбедат за секој поединец:

1) да биде запознаен кои здравствени и лични податоци се собираат за него (информациите за податоците што се собираат и обработуваат, намените за кои податоците се обработуваат, за системот на информациска безбедност на тие податоци и евентуалните размени на податоци со други субјекти) и

2) да биде запознаен со своите права во однос на обработката на неговите здравствени и лични податоци и влијанијата на анонимизација на податоците.

Здравствените установи се должни, на барање на поединецот и на негов трошок, да му дадат копија на неговите здравствени и лични податоци..[81]

Здравствената установа е должна да обезбеди заштита на здравствените и личните податоци и по смртта на поединецот на кој се однесуваат податоците..[82]

[78] Чл.21 од ЗЗЕОЗ
[79] Чл.23 од ЗЗЕОЗ
[80] Чл.24 од ЗЗЕОЗ
[81] Чл.29 од ЗЗЕОЗ
[82] Чл.32 од ЗЗЕОЗ

## Г. З А К О Н ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ[iv]

- **Предмет на уредување**

Со овој закон се уредуваат заштитата на правата на пациентите во користењето на здравствената заштита, должностите на здравствените установи и здравствените работници и соработници, општините и фондот за здравствено осигурување во унапредувањето и заштитата на правата на пациентите, постапката за заштита на правата на пациентите, како и надзорот над спроведувањето на законот.[83]

Со заштитата на правата на пациентот се обезбедува квалитетна и континуирана здравствена заштита во согласност со тековните достигнувања во здравството и медицината, во рамките на системот за здравствена заштита и здравствено осигурување, соодветна на поединечните потреби на пациентот, со отсуство на каква било психичка и физичка злоупотреба, со целосно почитување на достоинството на неговата личност и во негов најдобар интерес.[84]

Заштитата на правата на пациентите се заснова на начелата на хуманост и достапност.[85]

- **ПРАВА НА ПАЦИЕНТИТЕ[86]**

Пациентот ги има правата пропишани со овој или со друг закон или со ратификуван меѓународен договор, конвенции, декларации и други меѓународни документи што се однесуваат на заштитата на правата на пациентите.

Пациентот има право на остварувањето на правата, пропишани со овој закон, без дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање, сексуална ориентација или кој и да е друг статус.

Пациентот има право на грижа, лекување и рехабилитација што се во согласност со неговите поединечни потреби и способности и што ја унапредуваат состојбата со неговото здравје, со цел да го достигне највисокото можно лично ниво на здравје, согласно со достапните методи и можности на медицината, а во согласност со прописите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување.

Личноста и достоинството на секој пациент мора да се почитува.

Пациентот има право за време на престојот во здравствената установа на лична сигурност.

---

[83] Чл.1 од ЗЗПП
[84] Чл.2 од ЗЗПП
[85] Чл.3 од ЗЗПП
[86] Чл.5 од ЗЗПП

Пациентот има право да побара второ стручно мислење за својата здравствена состојба, под услови пропишани со прописите за здравствена заштита и здравствено осигурување за давање на првото стручно мислење.

Пациентот има право да биде информиран за имињата, стручната подготовка и специјализацијата на здравствените работници кои му укажуваат непосредно здравствена_заштита, преку задолжително јавно истакнување на лиценцата за работа издадена од соодветната комора во просторијата каде што работи.[87]

Право на информација има и пациент со трајно намалена способност за расудување, во согласност со неговата физичка, ментална и психичка состојба, како и неговиот старател или законски застапник.

- **УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ**

  - **Комисија за унапредување на правата на пациентите во општината**

Со цел за унапредување на правата на пациентот, општината, како и градот Скопје формираат постојана комисија за унапредување на правата на пациентите, во согласност со прописите од областа на локалната самоуправа.[88]

  - **Заштита на правата на пациентите во здравствените установи**

Здравствената установа е должна да се грижи за заштитата на правата на пациентите. Здравствената установа е должна да дава правни совети и правна помош на пациентите во однос на остварувањето и заштитата на нивните права.[89]

Министерството за здравство во здравствена установа во која се сместуваат пациенти назначува советник за заштита на правата на пациентите од редот на вработените во Министерството за здравство, со должност да:

1) дава правни совети и правна помош на пациентите во однос на остварувањето и заштитата на нивните права; [90]

2) разгледува усни и писмени поплаки од пациенти и дава мислење за нивно решавање до директорот на здравствената установа;

3) посредува во мирното решавање на прашањата меѓу пациентот и здравствениот работник што произлегуваат од усна поплака;

4) води досие за секоја усна или писмена поплака на пациентите, како и на други поведени правни постапки за заштита на права на пациенти на таа здравствена установа кое, по завршување на постапката, станува составен дел од медицинското досие на пациентот;

---

[87] Чл.10 од ЗЗПП
[88] Чл.39 од ЗЗПП
[89] Чл.44 од ЗЗПП
[90] Чл.45, т.1 од ЗЗПП

5) ги информира и обучува здравствените работници во здравствената установа за остварувањето на правата на пациентите во согласност со овој закон и

6) врши и други задачи со цел за заштита на правата на пациентите во здравствената установа во согласност со овој закон.

Здравствената установа е должна на видно и лесно достапно место да го истакне текстот на овој закон. Здравствената установа е должна да определи на лесно достапно место и јасно означи "Канцеларија на советникот за заштита на правата на пациентите", како и да му ги овозможи на советникот сите потребни услови за извршување на неговите обврски.[91]

[91] Чл.45 од ЗЗПП

**Корисни линкови:**

1. **Закон за здравственото осигурување**

http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/Zakon%20za%20zdravstveno%20oisguruvanje%20(Interen%20preciste n%20tekst).pdf

2. **Закон за здравствената заштита**

http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2018/01/ZAKON-ZA-ZDRAVSTVENATA-ZASHTITA-zakluchno-so-br.-37-od-2016.pdf

3. **Закон за евиденциите во областа на здравството**

http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2018/01/ZAKON-ZA-EVIDENTSII-VO-OBLASTA-NA-ZDRAVSTVOTO-zakluchno-so-br.-150-od-2015.pdf

4. **Закон за заштита на правата на пациентите**

http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2012/12/zakon-za-zastita-na-pravata-na-pacientite-precisten.pdf

5. **Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини**

https://skm.mk/docs_type/pravilnici/

---

[i] **Законот за здравственото осигурување** („Службен весник на бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/17 и 275/19);

[ii] **Законот за здравствена заштита** (*„Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 20/19, 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/2021, 122/2021 и 178/2021*);

[iii] **Законот за евиденции во областа на здравството** ("Службен весник на РМ" бр.20/09, 53/11, 164/13 и 150/15);

[iv] **Законот за заштита на правата на пациентите** („Службен весник на РМ" бр.82/08, 12/09, 53/11, 150/15 и 190/19);